Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 20 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, имајќи ја предвид неусогласеноста на Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр.81/05) со Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), а во врска со член 12 и член 45 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните и член 192 од Изборниот законик и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-3725/2 од 17.08.2018 година, Советот на Агенцијата на својата 34-та седница одржана на 17.08.2018 година, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА РЕФЕРЕНДУМ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова Упатство се утврдуваат правилата за јавната пропаганда за референдум и за референдумскиот молк, а кои произлегуваат од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, Изборниот законик, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Законот за медиуми.
2. Основа за програмските и за деловните ангажмани на сите радиодифузери, кои ќе го покриваат референдумот се начелата за праведно, избалансирано и непристрасно медиумско претставување на заинтересираните страни во референдумот и да обезбедат можност граѓаните да добијат што поразновидни правни, политиколошки, политички и други ставови.
3. Заинтересирани страни во референдумот се овластениот предлагач, во случајов Собранието на Република Македонија, и други субјекти кои водат јавна пропаганда во врска со референдумот.
4. Покривањето на референдумот се заснова на: висок степен на уредувачка самостојност, независност на медиумите, професионална етика и интегритет на новинарите.
5. Управителот и/или главниот и одговорен уредник во секој од радиодифузерите, треба да ги запознаат со содржината на ова Упатство сите лица вклучени во подготовката и реализацијата на програмите поврзани со референдумот.
6. Програмите на радиодифузерите наменети за референдумот, не смеат да фаворизираат која било од заинтересираните страни во референдумот, а радиодифузерите мора да обезбедат еднакви услови за пристап до своите програми.
7. Радиодифузерите не смеат да објавуваат информации и пораки со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на РМ, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било основа забранета со закон.
8. Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите не смеат да учествуваат во јавната пропаганда во врска со референдумот. Доколку се определат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите мора да мирува до завршување на референдумот.

## II. РЕФЕРЕНДУМОТ НИЗ ОДДЕЛНИТЕ ВИДОВИ ПРОГРАМИ

***Дневно-информативни емисии (вести, дневници)***

9. Известувањето за референдумот во дневно-информативните емисии мора да биде точно (вистинито), навремено и разбирливо.

10. Известувањето од активностите поврзани со јавната пропаганда што ќе ја водат заинтересираните страни во референдумот, радиодифузерите се должни да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин.

11. Известувањето не треба да биде наметливо и сугестивно. На слушателите и на гледачите треба да им се понуди проширена и професионално оформена информативна содржина која ќе им нуди елементи за изградување на сопствено мислење и однесување.

12. Коментарите што се објавуваат во дневно-информативните емисии треба да бидат потпишани од автор-новинар или од редакцијата, дури и кога се преземени од независен коментатор или од новинар и редакција од друг медиум.

13. Кога се реализираат новинарски анкети за мислењето на граѓаните поврзани со референдумот потребно е да се обезбеди коректен пристап, професионални критериуми и да се води сметка да се претставаат различни мислења меѓу анкетираните.

14. Не смеат да се објавуваат резултати од други ненаучни и нерепрезентативни сондирања на јавното мислење како што се: гласање на гледачи или на слушатели преку телефон (телевоутинг), анкети спроведени преку интернет, анкети спроведени врз нерепрезентативен примерок и со сугестивни прашања.

15. При објавувањето резултати од испитувања на јавното мислење во дневно-информативните емисии радиодифузерите се должни да ги почитуваат правилата и роковите опфатени во глава III од ова Упатство.

***Посебни информативни програми***

*(дебати и соочувања, интервјуа, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап, тематски специјализирани информативни програми, програми наменети за информирање на граѓаните за начинот и техниките на гласање во врска со референдумот)*

16. Радиодифузерите се должни да ги почитуваат правилата за избалансираност, правичност и непристрасност и во посебните информативни програми и на заинтересираните страни во референдумот да им обезбедат еднакви услови за пристап до нив.

17. Во дебатните емисии новинарите мора да обезбедат фер-услови во кои нема да се нарушува дигнитетот на учесниците во дебатата и на самата дебата.

18. Посебните информативни програми не смеат да се користат како облици на платена јавна пропаганда.

19. При објавување резултати од испитувања на јавното мислење во посебните информативни програми, радиодифузерите се должни да ги почитуваат правилата и роковите опфатени во глава III од ова Упатство.

***Други видови програми***

*(емисии со забавна и со образовна функција, опфатени со „Упатството за класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми", како и емисиите чија примарна целна група се деца и/или младинци)*

20. Доколку носители на јавни функции или претставници на некоја од заинтересираните страни се појавуваат во други видови програми, тогаш нивното учество не смее да биде во функција на јавна пропаганда поврзана со референдумот.

21. Доколку јавно познати личности, вклучени во јавна пропаганда поврзана со референдумот, гостуваат или непосредно учествуваат во продукцијата на други видови програми, тогаш тоа не смее да биде во функција на јавна пропаганда поврзана со референдумот.

## III. ОБЈАВУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

22. При објавувањето резултати од испитувања на јавното мислење во врска со референдумот, радиодифузерот треба да ги наведе следниве податоци:
    - името на нарачателот на испитувањето;
    - името на институцијата што го спровела испитувањето;
    - периодот кога е спроведено испитувањето;
    - применетата методологија;
    - големината на испитаниот примерок.

23. Резултати од испитувања на јавното мислење во врска со референдумот смее да се објавуваат најдоцна пет дена пред датумот одреден за гласањето.

## IV. ПОСЕБНИ ОБВРСКИ НА ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

24. Покрај општите принципи и обврски од ова Упатство што се однесуваат на сите радиодифузери, за Јавниот радиодифузен сервис важат и следниве дополнителни обврски:
    - Во информативните програми наменети за информирање на гласачите Јавниот радиодифузен сервис треба да обезбеди сеопфатно, детално и практично едуцирање на јавноста за законската регулатива поврзана со референдумот, за содржината на референдумското прашање и за начинот и техниката на гласање;
    - Најмалку една дневно-информативна емисија, емитувана во ударен термин, треба да ја направи достапна и за лицата со оштетен слух;
    - Дел од посебните информативни програми посветени на референдумот треба да ги направи достапни и за лицата со оштетен слух;
    - Не смее да емитува платена јавна пропаганда.

## V. ПРАВО НА ОДГОВОР ИЛИ ИСПРАВКА

25. Секоја од заинтересираните страни во референдумот има право да побара од радиодифузер да објави исправка или одговор на објавена информација во која се наведуваат неточни податоци, а со кои биле повредени нивните права или интереси, во согласност со постапката утврдена во Законот за медиуми.

## VI. ПЛАТЕНА ЈАВНА ПРОПАГАНДА

26. Радиодифузерите треба да создадат еднакви услови за пристап на заинтересираните страни во референдумот до облиците на платена јавна пропаганда (рекламни спотови, соопштенија, огласи, музички спотови што функционираат како химни на заинтересираните страни во референдумот, снимки од митинзи, средби и други настапи на заинтересираните страни во референдумот што се емитуваат за паричен надоместок).

27. За платена јавна пропаганда за референдумот, радијата и телевизиите може да одвојат вкупно 9 минути на секој реален час, емитувани како дополнително време. Дозволените 12 минути за рекламирање според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не смеат да се користат за емитување платена јавна пропаганда за референдумот.

28. Вкупно 9-те минути за платена јавна пропаганда, треба да се поделат на две еднакви половини (по 4 минути и 30 секунди), едната за субјектите кои ќе агитираат да се одговори „ЗА" на референдумското прашање, а другата за субјектите кои ќе агитираат да се одговори „ПРОТИВ" на референдумското прашање или ќе агитираат за бојкот на референдумот. Притоа, кој било заинтересиран субјект може да откупи најмногу половина од вкупното време одвоено за платена јавна пропаганда, односно 4 минути и 30 секунди.

29. Цените на услугите за платена јавна пропаганда треба да бидат исти за заинтересираните страни во референдумот и не треба да се менуваат од денот на донесување на ценовниците до завршувањето на референдумот.

30. Платената јавна пропаганда треба да биде јасно одвоена од програмите на радиодифузерите и од другите рекламни пораки и видливо означена како платена јавна пропаганда, а нарачателот треба да биде јасно означен за цело времетраење на платената јавна пропаганда.

31. За содржината на емитуваните облици платена јавна пропаганда одговараат нивните нарачатели.

32. Во платената јавна пропаганда не смеат да учествуваат малолетници.

33. Радиодифузерите треба да го одбијат емитувањето платена јавна пропаганда доколку со неа се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на РМ, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било основа забранета со закон, или доколку во платената јавна пропаганда се врши злоупотреба на децата за политички цели.

34. Платена јавна пропаганда не смее да се емитува во: дневно-информативни емисии, во посебните информативни програми, како и за време на директни преноси на верски, спортски, културни, забавни и други настани.

35. Платена јавна пропаганда не смее да се емитува во текот, непосредно пред и по емисиите чија примарна целна група се деца и/или младинци.

## VII. РЕФЕРЕНДУМСКИ МОЛК

36. Референдумскиот молк започнува 48 часа пред денот на гласањето и завршува со затворањето на гласачките места, во 19.00 часот.

37. Радиодифузерите и за време на молкот продолжуваат да известуваат за настаните од општествениот живот, вклучувајќи го и референдумот како најзначаен политички настан.

38. Сите облици јавна пропаганда поврзана со референдумот треба да завршат најдоцна 48 часа пред денот на гласањето.

39. При известувањето во деновите на референдумскиот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле молкот доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат претставници на заинтересираните страни; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија јавна пропаганда и можат да влијаат врз одлуката на гласачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на претставници на заинтересираните страни вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од претставници на заинтересираните страни во референдумот и од носители на функции во органите на власта.

40. Во текот на референдумскиот молк, за да се избегне какво било влијае врз самостојната одлука на граѓаните, радиодифизерот е должен посебно да внимава на следново:

- вестите, извештаите, изјавите, соопштенијата, интервјуата како и коментарите и подвидовите на тој жанр, како облици на информативна и на аналитичка обработка на темите, настаните и на случувањата поврзани со референдумот - не смеат да истакнуваат извори на информации ниту од страната на овластениот предлагач, ниту од која било друга заинтересирана страна во референдумот;

- на денот на гласањето, официјалните соопштенија или снимените изјави од овластениот предлагач или од некоја од заинтересираните страни во референдумот, радиодифузерот смее да ги емитува само по затворањето на гласачките места, односно по 19.00 часот;

- за да не бидат редакциите и новинарите - намерно или ненамерно - искористени за вршење јавна пропаганда поврзана со референдумот, посебно внимание треба да им се посвети на можните злоупотреби на изворот на информациите, пред сè во смисла на – известување од конструирани инциденти, односно - известувањето за референдумот треба да произлегува од официјални извори на информирање, определени со „Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните" како – „Органи за спроведување на референдум" (Државната изборна комисија, општинските изборни комисии и избирачките одбори).

41. За официјални извори на информации се сметаат и акредитираните домашни и странски набљудувачи кои не се поврзани со заинтересираните страни во референдумот.

42. Во случај на известување од облици на попречување на гласањето (физички, вербални инциденти, и слични прекршувања), покрај горенаведените, за официјален извор се смета и Министерството за внатрешни работи. Известувањето за ваквите случаи на денот на гласањето, треба да се придржува до етичноста на претпоставката за невиност, односно во новинарските извештаи објавувани до 19.00 часот, не треба да се открива идентитетот на извршителот на потенцијалното казниво дело.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

43. Непостапувањето и неспроведувањето на насоките утврдени во ова Упатство од страна на радиодифузерите може да претставува основа за преземање соодветни мерки утврдени со закон во такви случаи.

44. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бр. 01-3764/1**

**17.08.2018 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**